Врз основа на член 17 став 3 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија", бр. 113/2007), министерот за финансии донесе

# У П А Т С Т В О ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА

1. Во Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата ("Службен весник на Република Македонија" број 161/07, 56/08 и 114/08), во делот II. ФОРМА И СОДРЖИНА НАПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ , во точката 8, потточката 8.8 се менува и гласи:

„8.8. Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (ПП53)" Елементите на инструментот „8.8 НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА (на товар на еден налогодавач а во полза на еден или повеќе примачи)(образец ПП53):" се менуваат и гласат:

„8.8 Елементи на инструментот Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (ПП53) Налогодавач:

1. Назив и седиште на налогодавач

2. Даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)

3. Трансакциска сметка на налогодавач

4. Банка на налогодавачот

5. Вкупен износ

6. Вкупен број на налози

7. Датум на валута

8. Место на поднесување

9. Датум на поднесување

10. Потпис

11. Повикување на број – задолжување Примач:

12. Назив и седиште на примачот

13. Трансакциска сметка на примачот

14. Банка на примачот

15. Износ

16. Цел на дознака – фолио број
17. Повик на број - одобрување (податоци за нето плата или доколку се плаќаат придонеси „уплатна сметка“ „приходна шифра“„програма„)

18. Шифра

19. Начин

Содржина на елементите и нивно пополнување:

1. Елементот „назив и седиште на налогодавачот“ (назив и седиште на правното или физичкото лице-налогодавач) го означува називот и седиштето на правното лице, на начин

како што е заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот за идентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежен орган.

2. Во елементот „даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), се впишува податок од 13 нумерички знаци кои претставуваат нумеричка идентификација на налогодавачот-даночен обврзник или даночен платец, или нумеричка идентификација на друго лице, во случај кога налогодавачот врши плаќање на јавна давачка во име и за сметка на тоа лице. За даночните обврзници, односно платци-правни лица, идентификатор е Единствениот даночен број доделен од Управата за јавни приходи, а за даночните обврзници – физички лица, идентификатор е Единствениот матичен број на граѓанинот, кој претставува негов даночен број.

3. Елементот „трансакциска сметка на налогодавачот“, претставува податок кои го означуваат бројот на трансакциската сметка на налогодавачот на чиј товар се врши плаќањето и истиот го пополнува учесникот.

4. Во елементот „банка на налогодавачот“, се впишува називот на банката каде се наоѓа трансакциската сметка на налогодавачот, односно банката каде што истиот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција.

Овој елемент служи за дополнителна информација за бројот на сметката на налогодавачот, а го пополнува учесникот-налогодавач.

5. Елементот „вкупен износ“ претставува вкупен износ на поединечни налози во збирниот налог (при впишуивањето на износот на хартија пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две звездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. Износот претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува Управата за јавни приходи После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето со запирка дените ги издвојува од денарите).

6. Елементот „вкупен број на налози“ претставува вкупен број на поединечни налози во збирниот налог.

7. Елементот „датум на валута“, е податок кој го пополнува учесникот со што се означува календарски датумот кога од неговата трансакциска сметка треба да се симнат средствата за да се изврши плаќањето, односно да се реализира трансакцијата.

8. Елементот „место на поднесување„ укажува на местото каде е поднесен налогот за плаќање.

9. Елементот „датум на поднесување„ означува календарски кога е предаден инструментот кој го пополнува налогодавачот, а го верифицира носителот.

10. Елементот „потпис„ го пополнува учесникот, овластено лице кое во правниот промет го претставува правното лице-налогодавач со што, инструментот станува налог за плаќање т.е. се одобрува извршување на трансакцијата.

11. Елементот „повик на број – задолжување „ е податок во кој доколку налогодавач е буџетски корисник задолжително внесува соодветната „сметка на буџетски корисник“, „ расходно конто“ и „програма„ од која се врши плаќањето, а доколку не е буџетски корисник по потреба се внесуваат дополнителни податоци за плаќањето. Овој елемент се повторува повеќе пати (во зависност од бројот на налозите).

12. Елементот „назив и седиште на примачот“, (назив и седиште на правното или физичкото лице-налогодавач) го означува називот и седиштето на правното лице, на начин како што е

заведен во Централниот регистар, односно името, адресата и седиштето на физичкото лице како што е евидентирано во документот заидентификација (лична карта или пасош) издаден од надлежен орган. Овој елемент се повторува повеќе пати (во зависност од бројот на налозите).

13. Елементот „трансакциска сметка на примачот“, (број на трансакциска сметка на примачот) го означуваат бројот на трансакциската сметка на клиентот во чија полза се врши плаќањето, односно примачот на средства. Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на поединечните налози.

14. Елементот „банка на примачот“, е податок кој служи како дополнително образложение за бројот на трансакциската сметка на примачот. Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на налозите.

15. Елементот „износ____________“ (по поединечен налог), претставува износот кој се однесува по поединечниот налог изразен во македонски денари (при впишуивањето на износот на хартија пред првата цифра на износот помал од максималниот број на предвидените полиња (за износ), се ставаат две звездички (**), со што би се минимизирала злоупотреба. Износот претставува нумерички податок изразен во македонски денари најмногу до 10 цифри, кој го пополнува Управата за јавни приходи После десетте полиња се впишува износот во дени (со две децимални места) со што полето со запирка дените ги издвојува од денарите).

16. Во елементот „цел на дознака – фолио број“ на почетокот од полето (22 места) задолжително се внесува фолио бројот генериран од Управата за јавни приходи, а во продплжение по потреба дополнителна информација за примачот со опис на намената и основата за плаќање заради која е воспоставен налогот.

Овој елемент се повторува повеќе пати согласно со бројот на налозите. 17. Елементот „ повикување на број – одобрување„, е податок во кој доколку се исплатува нето плата по потреба се внесува дополнителна информација за примачот на нето платата а доколку се плаќаат придонеси задолжително се внесува соодветната „уплатна сметка“, „приходна шифра“ и „програма„.

18. Елементот „шифра“ (на плаќањето), е податок сочинет од три нумерички знака кој се пополнува согласно со основата за плаќање, наведен во Шифрите на плаќање кај единствените платни инструменти кои се составен дел на ова упатство, а кој го содржат описот на намената на дознаката и објаснението за неговата примена

19. Елементот „начин“ (на плаќањето), е нумерички податок кој укажува преку кој систем за плаќање ќе се изврши плаќањето.

Збирниот налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи се состои од:

- електронски налози со збирни податоци на налогодавачот и поединечни податоци за примачите, и

- збирен печатен налог со збирни податоци за налогодавачот и талон од банката за налогодавачот во печатена форма.

Елементи на електронскиот налог:

1. Назив и седиште на налогодавач

2. Даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)

3. Трансакциска сметка на налогодавач

4. Вкупен износ

5. Вкупен број на налози

6. Повикување на број - задолжување

7. Назив и седиште на примачот

8. Трансакциска сметка на примачот

9. Износ

10. Цел на дознака – фолио број

11. Повикување на број - одобрување

12. Шифра

13. Начин

Формата на електронскиот налог се договара помеѓу генераторот на налозите, Управата за јавни приходи и носителите на платен промет.

Елементи на талонот во печатена форма:

1. Датум на валута

2. Место на поднесување

Елементи на збирниот печатен налог со збирните податоци за налогодавачот:

1. Назив и седиште на налогодавач

2. Даночен број или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)

3. Трансакциска сметка на налогодавач

4. Банка на налогодавачот

5. Повикување на број - задолжување

6. Вкупен износ

7. Вкупен број на налози

8. Место на поднесување

9. Датум на поднесување

10. Потпис

11. Фолио број

Збирниот печатен налог со збирни податоци за налогодавачот и заверениот талон од банка се печати во продолжение на Декларацијата за прием на пресметката за плата од Управата за јавни приходи.

Користење на инструментот: Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (ПП 53)

Инструментот Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (ПП 53) се користи кога на товар на една трансакциска сметка

на налогодавачот а во полза на повеќе примачи се плаќаат придонесите од задолжителното социјално осигурување, персонален данок и нето плата.

Банката ги презема електронските податоците за плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување, персонален данок и нето плата од Управата за јавни приходи.

Збирниот налогот за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи, е правилно пополнет доколку се правилно пополнети сите поединечни налози, односно, неправилно е пополнет доколку и само еден од индивидуалните налози вклучени во истиот е неправилен."

2. Во делот III. ЗАЕДНИЧКИ ОБЕЛЕЖЈА НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ, точката

9.1 се менува и гласи:

„9.1. За платниот инструмент - Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметка на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи се користи 80 грамска бела офсет хартија."

3. Во делот IV. ВПИШУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ВО ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ во точката 20 зборовите „Налог за плаќање на придонеси од плата (на товар на еден налогодавач а во полза на повеќе примачи)(Образец ПП53)" се заменуваат со зборовите: „Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (ПП 53)".

4. Во ПРИЛОГОТ: ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ-ОБРАСЦИ (8), точката 4.8 се менува и гласи:

„4.8. Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (ПП 53)."

5. Во ПРИЛОГОТ "ШИФРИ НА ПЛАЌАЊЕ КАЈ ЕДИНСТВЕНИТЕ ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ" по шифрата „241" се додаваат четири нови шифри 242, 243, 244 и 245 кои гласат:

242 – Плаќање по основ на извршени маретинг услуги помеѓу правните субјекти.

243 - Плаќање по основ на извршени консултански услуги помеѓу правните субјекти.

244 - Плаќање по основ на извршени интелектуални услуги помеѓу правните субјекти

245 - Плаќање по основ на извршени маретинг услуги помеѓу правните субјекти."

По шифрата „290" се додаваат четири нови шифри 291, 292, 293 и 294 кои гласат:

291 - Плаќање на / од физички лица по основ на извршени маретинг услуги.

292 - Плаќање на / од физички лица по основ на извршени консултански услуги.

293 - Плаќање на / од физички лица по основ на извршени интелектуални услуги.

294 - Плаќање на / од физички лица по основ на извршени маретинг услуги."

По шифрата „467" се додаваат две нови шифри 468 и 469 кои гласат:

468 - Плаќање на средства по основ на дадена позајмица на правно лице.

469 - Плаќање на средства по основ на дадена позајмица на физичко лице."

По шифрата „563" се додаваат две нови шифри 568 и 569 кои гласат:

568 - Враќање __________на средства по основ на користена позајмица од правно лице, и

569 - Враќање на средства по основ на користена позајмица од физичко лице."

6. Во ПРИЛОГОТ: I. ГРАФИЧКО–ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ, во точката 2 алинеја 3 зборовите: „Бојата и задницата на Налог за плаќање на придонеси од плата (Образец ПП53)" се заменуваат со зборовите:

„Бојата и задницата на Збирниот налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (Образец ПП53)".

7. Образецот "ПП53 - НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА "се заменува со нов образец ПП 53 кој гласи:

ПП 53 - Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи„




8. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија,, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.